| **Прилог бр.3** | | **Предметна програма од прв циклус на студии** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | **СОЦИЈАЛНА МЕДИЦИНА** | | | |
| 2. | Код | ЛД124 | | | |
| 3. | Студиска програма | Тригодишни стручни студии по медицинско-лабораториска дијагностика | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | УКИМ – Медицински факултет<br>Катедра за социјална медицина | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Прв | | | |
| 6. | Академска година / семестар | Година | Прва | семестар | II |
| 7 | Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити | 4.5 ЕКТС | | | |
| 8. | Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник) | Раководител на катедрата за социјална медицина: проф. д-р Фимка Тозија<br><br>*наставата ја изведуваат сите членови на катедрата | | | |
| 9. | Јазик на кој  се изведува наставата | Македонски | | | |
| 10. | Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот | Нема | | | |
| 11. | Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето: | По завршувањето на овој предмет, студентот ќе го продлабочи знаењето за социјална медицина и би требало да биде способен да:<br>- согледа вредноста на здравјето како највисок идеал на медицината и основните концепти за унапредување на здравјето на поединецот и заедницата.<br>- оспособи со вештини за едукација на населението и пациентите за зачувување на здравје и превенција на болести.<br>- се стекне со вештини на тимска работа и комуникациски вештини преку подготовка на програми за здравствена едукација.<br>- ги разбира основните концепти на здравствена заштита и здравствен систем.<br>- има знаења за посточката легислатива за човековите права, правата за здравје и здравствена заштита и правата на пациентите во земјата и Европа.<br>- го разбира процесот на хармонизација на легислативата за здравствена и социјална заштита и ЕУ интеграција. | | | |

| | | |
|---|---|---|
| | | - има знаења за стратешките докуменки и програми за здравствена и социјална заштита.<br>- се запознае со основите на организациски и менаџерски поими, процеси и функции<br>- се запознае со теоретските и практични модели на организирање на здравствената заштита на сите нивоа на здравствена заштита, со аспект на лабораториска дејност и мрежа<br>- се оспособи на критичка анализа, да идентификува и решава организациони предизвици во практика и да се оспособи за донесување на одлуки и нивна перационализација. |
| 12. | Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје | **Поглавје промоција на здравје содржини:**<br>- Дефиниција, задачи на медицината и социјална медицина како наука.<br>- Дефиниција и концепт на здравје и детерминанти на здравје.<br>- Концепт на болест, природен тек на болеста и нивоа на превенција на болестите.<br>- Промоција на здравје, здравствена едукација и здравствена култура.<br>- Цели, принципи на промоција на здравје и здравствена едукација.<br>- Облици, принципи и методи на здравствена едукација.<br>- Здравствено-воспитни средства.<br>- Фази на развој на здравствено-воспитен процес.<br>- Модел на промена на однесувањето поврзано со здравје-здрави животни навики.<br>- Практична примена на здравствено-воспитни методи и средства.<br>- Планирање и изработка на програма за здравствена промоција во заедницата.<br>Резултати од теоретските учења и практичните вежби од ова поглавје примена во практика:<br>- на вештини за промоција на здравје за поддршка на поединци за менување на однесувањето - здрави животни стилови и превенција на ризичко однесување.<br>- Вештини за идентификација на јавно-здравствени проблеми во заедницата и планирање на интервенции за нивно решавање.<br>- Разбирање и примена на содржините за промоција на здравје кај вулнерабилните популациони групи и за превенција на заразни и незаразни болести.<br>**Поглавје здравствено и социјално законодавство содржини:**<br>- Закон за здравствена заштита и здравствено осигурување<br>- Здравствен систем, нивоа на здравствена заштита во Република Северна Македонија<br>- Здравствени организации<br>- Финансирање на здравствена заштита и здравствено осигурување<br>- Закон за евиденции во областа на здравството<br>- Здравствен информативен систем<br>- МКБ 10<br>- Закон за јавно здравје<br>- Закон за права на пациентите и Европска повелба<br>- Закон за заштита на населението од заразни болести<br>- Закон за социјална заштита |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Систем на социјална заштита во Република Македонија<br>- Закон за заштита на децата<br>- Закон за превенција и заштита од семејно насилство<br>- Закон за заштита од пушењето<br>- Здравствени стратегии, акциски планови, програми и протоколи<br>- Меѓународна здравствена соработка: организации, прописи и конвенции<br>Резултати од теоретските учења и практичните вежби од ова поглавје, примена во практика:<br>- учење преку решавање на проблеми: приказ на случаи и вештини за критичка анализа на легислативни рамки, стратегии, програми здравствени проблеми.<br>- на должностите и правата на здравствените работници, како и правата за здравје и права на пациентите.<br>**Поглавје здравствен менаџмент содржини:**<br>- Основни поими на организација и видови<br>- Теорија, организација и менаџмент – важност од апликација во здравствената нега<br>- Менаџерски функции: планирање, организирање, екипирање, водење и контрола<br>- Организациска структура и култура<br>- Модел на организација на службата за здравствена нега на макро и микро ниво, етички аспекти<br>- Кадровско и работно оптоварување на изведувачите на здравствената нега<br>- Мотив и мотивациска теорија за работа<br>- Профил на личноста<br>- Team Building: поттикнување и зајакнување на тимска работа<br>- Дизајнирање и имплементирање на проект<br>Резултати од теоретските учења и практичните вежби од ова поглавје за примена во практика:<br>- Разрешување на организациски проблеми<br>- Донесување на одлуки<br>- Имплементација на промени во организација<br>- Вештини на преговарење, правење распоред и управување со време. |
| 13 | Заемна поврзаност на предметите | Поврзан со сите предметни од студиската програма. |
| 14. | Детален опис на наставните и работните методи за предметот | Интерактивни предавања, интерактивни семинари од делот на социјална медицина, промоција на здравје, здравствено и социјално законодавство и здравствен менаџмент.<br>Тимска работа со изготвување на семинарски теми за евалуација на здравје на население, идентификација на здравствен проблем и планирање на програма за здравствена промоција.<br>Интерактивни семинари/работилници за анализа на легислативни документи за критичка анализа од областа на здравствена и социјална заштита. |
| 15. | Вкупен расположив фонд на време | 135 часови |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 16. | | 16.1. | Предавања- теоретска настава. часови | 45 часови |
| | | 16.2. | Семинари, тимска работа: часови | 15 часови |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Форми на наставните активности | 16.3. | Пракса: часови | |
| 17. | Други форми на активности | 17.1. | Проектни задачи: часови | 15 часови |
| | | 17.2. | Самостојни задачи: часови | |
| | | 17.3. | Домашно учење - задачи | 60 часови |
| 18 | Услови за потпис | За да добие потпис, студентот треба да освои минимум бодови од посета на теоретска и практична настава.<br>За да пристапи на завршен испит, студентот треба да има остварено право на потпис.<br><br>Оценката за предметот се формира според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите од сите активности и завршниот испит. | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 19 | Начин на оценување | | |
| | 19.1. | Тестови (континуирани проверки) | НЕМА |
| | 19.2. | Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови | бодови мин.-макс. 4-20 |
| | 19.3. | Завршен испит: бодови | бодови мин.-макс. 50-70 |
| | 19.4. | Активност и учество во настава: бодови | мин.-макс.<br>бодови Теоретска настава 3 - 5<br>бодови Практична настава 3 - 5 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 20 | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | до 59 бода | 5 (пет) (F) |
| | | 60 до 68 бода | 6 (шест) (E) |
| | | 69 до 76 бода | 7 (седум) (D) |
| | | 77 до 84 бода | 8 (осум) (C) |
| | | 85 до 92 бода | 9 (девет) (B) |
| | | 93 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | Студентска анонимна евалуација за предметот, наставниците и соработниците кои учествуваат во изведувањето на наставата. | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Донев Д., Спасовски М., Тозија Ф., Ќосевска Е. и сор. | Социјална медицина | УКИМ, Медицински факултет-Скопје | 2013 |
| | | 2. | Донев Д., Ќосевска Е., и сор. | Промоција на здравјето и здравствено воспитување | УКИМ, Медицински Факултет-Скопје | 2013 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 3. | Министерство за здравство на РСМ Фондот за здравствено осигурување Министерство за труд и социјална политика | Закони, подзаконски акти<br>Стратегии<br>Акциони планови<br>Програми | Министерство за здравство на РМ (www.zdravstvo.gov.mk<br>Фондот за здр. осигурување (http://www.fzo.org.mk), Министерство за труд и социјална политика (http://www.mtsp.gov.mk/) | |
| | | 4. | Авторизирани предавања од наставниците | | | |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Tulchinsky T, Varavikova E. | The new public heath.Third Edition. | Elsevier, Academic Press. | 2014 |
| | | 2. | Спасовски М., Тозија Ф., Ќосевска Е., Гудева-Никовска Д., Панговски И., Стаменова А | Вовед во медицина учебник | УКИМ, Медицински факултет-Скопје | 2023 |
| | | 3. | Тозија Ф., Спасовски М., Ќосевска Е., Гудева-Никовска Д., Панговски И., Стаменова А | Вовед во медицина практикум | УКИМ, Медицински факултет-Скопје | 2023 |